## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 26. 11. 2016
Орг. единица 10 | Број 6009 | Прилог 1 | Вредност

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

### Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во осмиот десетдневен период пред почетокот на изборната кампања, од 11 до 20 ноември 2016 година, мониторингот на изборното медиумско претставување, опфати десет изданија на Дневникот од 20 часот, на ТВ 24 Вести, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 4 часа 36 минути и 58 секунди

(4 часа 33 минути и 4 секунди претежно информативни жанрови - вест, вест во низа, извештај, интервјуа и изјави и 3 минути и 54 секунди аналитички жанрови).

**Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови**

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:12:21 | 4,52 | % |
| Левица | 00:00:39 | 0,24 | % |
| Либерална партија | 00:00:39 | 0,24 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:00 | 0,37 | % |
| Граѓански сектор | 00:38:08 | 13,96 | % |
| СДСМ | 00:04:56 | 1,81 | % |
| Српска напредна странка | 00:01:05 | 0,40 | % |
| Сојуз на титови леви сили | 00:00:19 | 0,12 | % |
| СДУ - Социјал демократска унија | 00:00:19 | 0,12 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:08:24 | 3,08 | % |
| Други субјекти | 01:08:30 | 25,09 | % |
| Влада на РМ | 00:15:30 | 5,68 | % |
| Судство | 00:16:29 | 6,04 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:04:18 | 1,57 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:19 | 2,31 | % |
| Без субјекти | 00:12:17 | 4,50 | % |
| Локална самоуправа | 00:08:07 | 2,97 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:28:34 | 10,46 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:15 | 4,49 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:10 | 0,43 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:49 | 0,30 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:49 | 0,30 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:49 | 0,30 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:25 | 1,62 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:21 | 0,49 | % |
| СДПМ - Социјалдемократска партија на Македонија | 00:05:22 | 1,97 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:24 | 1,25 | % |
| Шарена револуција | 00:01:08 | 0,42 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:02:32 | 0,93 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:18 | 0,48 | % |
| Специјално обвинителство | 00:07:25 | 2,72 | % |
| Привремена комисија | 00:00:39 | 0,24 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:43 | 0,26 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:01:01 | 0,37 | % |
| | **Вкупно: 04:33:04** | **100** | **%** |

Најмногу време во вестите е одвоено за категориите *„Други субјекти“*, *„Граѓански сектор“ и* „Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари“.

Во овој извештаен период под категоријата *„Други субјекти"* се кодирани изјавите и активностите на: Драган Малиновски, поранешен претседател на Антикорупциска; Кочо Анѓушев, бизнисмен; Фатмир Битиќи и Неби Хоџа, Стопанска комора на Северо-Западна Македонија; Димитар Богов, гувернер на НБРМ; Николајчо Николов, Асоцијација за рударство во СК; Зоран Панов, организациски одбор; Жан Мишел Жар, француски музичар; Симона Спировска, актерка; Маринко Раос, Совет за регионална соработка; Катерина Цветковска, организатор на Таксират; Сашо Дуковски, адвокат; Јасмина Дуриќ, отпуштениот подофицер од Министерството за одбрана; Благоја Поповски, адвокат; Зоран Билбиловски, Советник во Канцеларијата на народниот правобранител; Бугарската новинска агенција БГНЕС; Горан Свилановиќ, Совет за регионална соработка; Регулаторна комисија за енергетика; Даниел Трајковски, повреден во пукотниците на „Партизанска"; Звонко Давидовиќ, адвокат; Таки Фити, претседател на МАНУ; Владо Камбовски, академик; Беса Арифи, универзитетски професор; Лидија Чолакова Дервишова, лекар; Горан Рафајловски, претседател на арбитражен суд при СКМ; Аустриан Ерлајнс; „Линк Медиа Плус; Виктор Фридман, македонист; Васка Бајрамовска Мустафа, заменик народен правобранител; Борјан Јовановски, новинар; Лидија Голубова, адвокат; Златко Тодоров, бизнисмен Кубус; Борче Чупетрески и Адил Мустафа, болница Шендети; Мито Митановски, бизнисмен; Александра Теменугова, Висока школа за новинарство; Венко Глигоров, бизнисмен; Мендерес Кучи, бизнисмен; Хари Костов, Комерцијална банка; Витомир Мицев, невропсихијатар; Илија Ацески, социолог; Енвер Јусуфовски, социјален случај; Олгица Христовска, актер и музичар; Зоран Петрески, Комора на извршители; Народниот правобранител Иџет Мемети; Бизнисмен од Грција и др. Оваа категорија е застапена со 1 час 8 минути и 30 секунди.

За *„Граѓанскиот сектор"* се одвоени 38 минути и 8 секунди, а во категоријата се опфатени пренесените соопштенија или пак директните обраќања на: Пеце Ристевски, Синдикат на индустрија, енергетика и рударство; Пецо Грујовски, УПОЗ; Методија Димевски и Лазе Ѓорѓиевски, ССМ; Марија Ристеска, Центар за истражување и креирање политика; Бојан Маричич, МЦЕО; Владо Димовски, Центар за меѓуетничка толеранција; Светислав Спасовски, Синдикат на работниците во Југохром; Уранија Пировска и Кочо Андоновски, Хелсиншки комитет; Сабина Салих и Никола Стојановски, Здружение на борците; Несиме Селиоска, НВО Рома СОС; Љатифе Шиковска, НВО Амбрела; Сабина Факиќ, Центар за граѓански комуникации; Билјана Јанева, извршен директор на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи – ОХРИД; Ивана Петкукеска, Вест менаџер фондација; Благица Димитровска, фондација Инклузива; Здружение на приватни лекари; Марјан Николов, Центар за економски анализи; Миа Лозановска, Фронт 24/42; Мишо Поповиќ, Институт за демократија; Владимир Ортаковски, Здружение за заштита на правата на децата; Ана Зафирова, Коалиција за медиумска писменост; Илија Јовановиќ, граѓански активист; Данче Даскаловска, претседател на Здружението на пензионерите Струмица; Љубица Ангелова и Предраг Митровиќ, Лајонс Клуб; Методија Саздов, НВО Македонски зелен центар; Црвен Крст и др.

Групата Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари е трето застапена со 28 минути и 34 секунди, најмногу поради реализираното интервју со европратеникот и потпретседател на АЛДФЕ Илхан Кјуčјук. Останатите активности се на: Гудрун Штајнакер, поранешна германска амбасадорка во Македонија; Ваутер Пломб, амбасадор на Холандија во Македонија; Барак Обама, претседател на САД; Одета Барбалуши, заменик министер за надворешни работи на Албанија; Румен Радев, претседател на Бугарија; Бојко Борисов, поранешен претседател на Бугарија; Прокопис Павлопулос, претседател на Грција; Димитрис Аврамопулос, еврокомесар; Џефри Голдстајн, заменик шеф на мисијата на ОБСЕ; Лукаш Холуп, претседател на делегацијата на ЕУ; Жан Франсоа Истас, претседател на заедничкиот консултативен комитет; Европски центар за заштита на Ромите; Европска банка за обнова и развој; Ариан Штуни, советник во американскиот Стејт департмент; Предраг Митровиќ, амбасадор на Црна Гора во Македонија и др.

Со време од 16 минути и 29 секунди во овој извештаен период се појавува категоријата „Судство" преку прилозите поврзани со: зградата која ја гради претседателот на Кривичниот суд Владимир Панчевски, неговата писмена изјава до јавноста по кривичната пријава која ја поднесе судијата Иван Џолев, оштетата која ја бара поради уривање на доградбата, судискиот бунт на 15 судии кои испратија писмо до Судскиот совет да поведе прекршочна постапка против Панчевски и обраќањето на претседателот на Судскиот совет

Зоран Караџовски, трудовата инспекција по обвинувањата од Горан Стаменковски дека бил деградиран од службата; Одложениот судски процес против учесникот во протестите на „Шарената револуција" Павле Богоевски; Изјавата на директорката на Академијата за судии Анета Арнаудова во врска со извештајот на Европската комисија за Македонија кој се однесува на делот на судството; Одложеното судење на Никола Груевски и Миле Јанакиески и др.

Владата на Република Македонија со 15 минути и 30 секунди е присутна преку следниве теми: Изјава на вицепремиерот Арбр Адеми дадена на дебатата „Итни реформски промашувања"; Информацијата од МВР за инцидентот во автобусот на ЈСП; Обраќањето на дополнителниот заменик министер во МВР Оливер Андонов во врска со инцидентот и пукотниците на Партизанска во која беше ранет Даниел Трајковски; Соопштение од Министерството за финансии по изјавата на дополнителниот заменик министер Кире Наумов; Најавата од државниот секретар во Министерството за култура за одржувањето на манифестацијата „Ден на албанската азбука"; Соопштение од министерот за финансии Кирил Миноски за зголемувањето на пензиите и реакција од Министерството за труд и социјална политика пренесено на телоп; Пренесена информација од Министерството за животна средина и просторно планирање за изградбата на патот Охрид – Пештани и др.

Методолошката категорија „ДИК и други органи" е застапена со 12 минути и 21 секунда, а прилозите се за: поднесувањето на кандидатските листи за парламентарните избори; проверката на кандидатските листи; извештај од седницата на ДИК на која се разгледуваат и се потврдуваат пратеничките листи доставени од 13 партии и коалиции; отфрлањето на листите на СДПМ и НДП; информацијата дека ДИК нема објавено оглас за набавка на изборен материјал и дека материјалите повторно ќе се набавуваат со постапка на итност; ждребувањето, која партија е каде на изборното ливче; информацијата дека ќе биде потпишан кодекс за фер избори и др.

Со застапеност од 12 минути и 17 секунди е методолошката категорија *„Без субјекти"* во која се кодираат прилозите кои се потпираат на изјави од граѓани поврзани со различни теми: „Обид за киднапирање и изјава на родителот на девојчето кое непознати лица се обиделе да го киднапираат", „Изјава на граѓани за насилството во јавниот превоз", „Рачна бомба експлодира во населбата Маџари", „Есенските домати скапуваат на нивите", „Работник загина во катната гаража Солунски конгрес", „Пожар во Хиподром", „Еколошка катастрофа – Дебарско езеро тоне во шут и смет", „Пожар во демирхисарската болница", „Почина тридневно бебе во Велес", „Скопје и Тетово повторно загадени" и др.

За категоријата *„Експерти/аналитичари"* се одвоени 12 минути и 15 секунди. Нивни изјави се вклучени во повеќе прилози. Во овој извештаен период во рамки на вестите се емитувани изјави на неколку универзитетски професори: Марјан Петревски; Никица Мојсовска Блажевски; Маја Героска Митев; Илија Ацески; Осман Кадриу; Владимир Филиповски; Владимир Пивоваров; Лазар Нанев; потоа на економистите Зоран Јовановски и Павле Гацов и аналитичарите Владимир Божиновски и Петар Арсовски.

Од политичките партии најмногу време е одвоено за ВМРО ДПМНЕ (8 минути и 24 секунди), СДПМ (5 минути и 22 секунди), СДСМ (4 минути и 56 секунди) и за ДУИ (4 минути и 25 секунди). Покрај нив како субјекти во вестите се појавуваат уште 13 политички субјекти (Левица; ЛП; Коалиција за промени и правда; Српска напредна странка; Сојуз на титови леви сили; СДУ; Коалиција ВМРО за Македонија; ВМРО НП; ППД; ОМ; ДПА; ДС и ЛДП).

Во овој мониториран период најмногу прилози се посветени на актуелната случувања поврзани со предвремените парламентарни избори – со повеќе прилози се следат активностите на партиите, преговорите за предизборни коалиции и составувањето на кандидатските листи, работата на ДИК и отфрлањето на спорните кандидатски листи на СДПМ и на НДМ со емитувани изјави од членовите на ДИК и реакциите од лидерите на овие партии, Јанко Бачев и Бранко Јаневски. Во фокус на интерес се и актуелните случувања во судството поврзани со претседателот на Кривичниот суд, Панчевски, со извештаи и вести во низа за бунтот на судиите против Панчевски и за вербалниот инцидент во Кривичниот суд. Состојбите во судството и последните инциденти се третирани и преку прилози во кои е изнесено мислење на експертите од оваа област и на академици од МАНУ.

Во извештајниот период во рамките на ТВ Дневникот, на 13 ноември 2016 година (20:30:42 – 20:37:15) се емитуваше интервју со Маринко Раос (Совет за регионална соработка) на тема: „Нема соработка меѓу службите за терористички акции." Интервјуто со европратеникот и потретседател на АЛДФЕ Илхан Кјучјук беше емитувано на 16 ноември 2016 година (20:34:46 – 20:39:26), а темата беше: „Ако нема слободни и фер избори Брисел ќе поставува тешки прашања." На 19 ноември 2016 година (20:26:14 – 20:31:50) беше емитувано интервју со бизнисменот Венко Глигоров, а темата беше: „Масовното прислушување го тресе бизнисот."

На 20 ноември 2016 година (20:16:45 – 20:20:39), телевизијата емитуваше прилог обработен преку аналитички жанр. Насловен е како: „Што ветуваат партиите и како заврши изборите во 2014 година?" Направена е анализа и споредба на изјавите и резултатите од изборите во 2014 година и најавите од главните политички ривали ВМРО ДПМНЕ и СДСМ пред претстојните парламентарни избори. Емитувани се изјави на лидерот на СДСМ Зоран Заев и лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски од 2014 и 2016 година и емитувани се снимки од таканаречените „бомби" кои ги објавуваше опозициската СДСМ. Новинарот го завршува прилогот со констатацијата: „Криминалци, крадци, странски платеници и предавници, ова се само дел од епитетите со кои што се очекува изборните тркачи да се почестат од партиските митинзи. На граѓаните вообичаено ќе им ги ветат истите стари добри светкави ветувања."

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Граѓански сектор | 00:16:48 | 19,42 | % |
| СДСМ | 00:01:38 | 1,89 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:59 | 4,61 | % |
| Други субјекти | 00:33:16 | 38,46 | % |
| Влада на РМ | 00:01:17 | 1,48 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:20 | 1,54 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:35 | 6,45 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:45 | 0,87 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:53 | 1,02 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:01:19 | 1,52 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:55 | 2,22 | % |
| Шарена револуција | 00:00:32 | 0,62 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:18 | 1,50 | % |
| Судство | 00:01:47 | 2,06 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:10 | 10,60 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:13 | 0,25 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:39 | 0,75 | % |
| СДПМ - Социјалдемократска партија на Македонија | 00:00:19 | 0,37 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:42 | 3,12 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:19 | 0,37 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:26 | 0,50 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:14 | 0,27 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:06 | 0,12 | % |
| | **Вкупно: 01:26:30** | **100** | **%** |

Најмногу директни обраќања се регистрирани за категориите *Други субјекти* (33 минути и 16 секунди), *Граѓански сектор* (16 минути и 48 секунди) и Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари (9 минути и 10 секунди).

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

***Очи в очи***

Во извештајниот период, гледачите го изразуваа своето мислење на следниве теми во информативно контактната програма *Очи в очи* со водителот Огнен Јанески, која се емитува секој ден, освен во сабота и во недела:

На 11 ноември 2016 година, во 8 часот и 9 минути се емитуваше репризно издание на емисијата на тема: „Дали Македонија е социјална држава?".

Истиот ден со почеток во 16 часот и 20 минути се емитуваше премиерното издание на тема: „Новиот извештај на Европската комисија – лет в место за Македонија." Репризното издание беше емитувано на 14 ноември 2016 година.

На 14 ноември 2016 година, со почеток во 16 часот и 20 минути беше премиерното издание на тема: „Пензионерите и синдикатите предизборно со меморандум за соработка со ВМРО ДПМНЕ" Оваа емисија беше репризирана на 15 ноември 2016 година, во 8 часот и 2 минути.

Во емисијата емитувана на 15 ноемви 2016 година, со почеток во 16 часот и 20 минути, темата беше: „Основниот суд Скопје 1 не е приватна прчија?" Репризното издание на емисијата беше емитувано на 16 ноември 2016 година, во 8 часот и 8 минути.

На 16 ноември 2016 година, со почеток во 16 часот и 15 минути, гледачите го изразуваа своето мислење на темата: „Дали Европа на мала врата сака да ги врати визите преку дополнителните контроли?" Репризното издание на емисијата беше на 17 ноември 2016 година, во 8 часот и 9 минути.

На 17 ноември 2016 година, со почеток во 16 часот и 18 минути беше премиерното издание на тема: „За шамарите во Центар, наместо пред Груевски ќе седне во судница по изборите." Оваа емисија беше репризирана на 18 ноември 2016 година, во 8 часот и 8 минути.

Во емисијата емитувана на 18 ноемви 2016 година, со почеток во 16 часот и 20 минути, темата беше: „Пробивајќи ја „Тврдина" , СЈО откри незаконски следени „Таргети" од УБК, а не од странски служби."

***Прес СЈО – во живо***

На ден 18 ноември 2016 година, со почеток во 11 часот, ТВ 24 реализираше директно вклучување на прес-конференцијата на СЈО за новата истрага под кодно име „Таргет". Имаше директно обраќање на специјалната обвинителка Катица Јанева, потоа на Фатиме Фетаи и на Ленче Ристовска која одговараше на новинарските прашања.

***Тренд – економија и бизнис***

На 13 и 14 ноември 2016 година, се емитуваше реприза на изданието на емисијата на тема: „Кој и за што не задолжува и како ќе се отплаќаат сите тие позајмени пари?" Гости во емисијата беа: Петар Гошев, поранешен гувернер и Мирољуб Шукаров, универзитетски професор.

На 14 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот се емитуваше премиерното издание на емисијата *Тренд* кое ги опфати следниве теми: Изборен мегдан на Заев и Груевски во 4-та, изборно соочување на Али Ахмети и Мендух Тачи во 6-та, дел од партиските фронтмени ги нема на партиските кандидатски листи; Извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија и втората условена препорака. Гости беа:

Александар Пандов, Лидија Димова и Исмет Рамадани. Репризното издание беше емитувано на 15, 16 и 20 ноември 2016 година.

*Интервјуа*

***Патот до успехот***

Емисијата „*Патот до успехот*", од 12 ноември 2016 година, беше реприза на интервјуто со Игор Стефановски Иџе, автомобилист. Истиот ден беше емитувано интервју со Тома Фила, адвокат. Ова издание бележи две репризни изданија на 13 ноември, и по едно на 15 и 19 ноември 2016 година. На 19 ноември беше емитувано интервјуто со Олгица Христовска, актерка и музичарка, кое имаше реприза наредниот ден.

*Дебатни емисии*

***Анализа 24***

*Анализа 24* се емитува секој ден со различни соговорници во студиото, со репризно издание наредниот ден и во текот на викендот.

На 11 ноември 2016 година, со почеток во 10 часот и 58 минути, се емитуваше реприза на изданието на емисијата на тема: „Дали увезуваме, продаваме или конзумираме безбедна храна и пијалаци и дали овие прашања се во функција на дневно политиканство или постои реална причина за загриженост заради нефункционалност на институциите?" Гости беа: Љупчо Николовски, дополнителен заменик-министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Зоран Поповски, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Истиот ден со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата на тема: „Моралот и етиката во политиката. Избори, изборни листи, партиски коалиции и „спорни" кандидати." Гости беа универзитетските професори Ристо Солунчев, Маја Стевановиќ и Трајче Стојанов. Репризното издание беше на 12 ноември 2016 година.

На 15 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата на тема: „26 дена до 11 декември, предизборието одамна започнато, кампањата допрва се очекува, атмосферата зоврива." Гости беа: Ѓорѓи Спасов, универзитетски професор и Сашо Клековски, политички аналитичар. Репризни изданија имаше на 16 и 17 ноември 2016 година.

На 16 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот, беше емитувано премиерно издание на емисијата на тема „Како да се департизира судството?" Гостин беше Зоран Караџовски, претседател на Судскиот совет. Во емисијата беше емитувана снимка од разговорите од „бомбите" што ги пушташе опозициската СДСМ. Репризата се емитуваше на 17 ноември 2016 година.

На 18 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата на следнава тема: „Новата истрага на СЈО под кодно име *Таргет*." Гости беа: Мери Јордановска, новинар и Гордан Калајџиев, универзитетски професор. Репризно издание имаше на 19 ноември 2016 година.

***24 Отворено***

На 11, 13 и 14 ноември 2016 година, беше емитувано репризното издание на емисијата 24 Отворено – Дебатна емисија со гости и публика во студиото. Во реализација на емисијата покрај екипата на ТВ 24 Вести, вклучен е и тимот на специјализираната веб – страна за сатира, пародии и измислени вести „Коза Ностра" и актерот Јовица Михајловски. Водител беше Младен Чадиковски. Гости беа универзитетските професори Татјана Стојановска – Иванова и Крсте Шајновски; Љатифе Шиковска, НО Амбрела и Илија Јовановиќ, Здружение за деца без родители. Темата беше: „Дали Македонија заборави на илјадници наши сограѓани кои едвај крпат крај со крај?" За време на емисијата е емитувана сторија за ромските семејства што

неколку месеци живеат на отворено под Скопско кале, исто така, емитувана е сторија и за социјално загрозеното семејство на Енвер Јусуфовски од Охрид и изјава на Али Бајазити, професор на УЈИЕ. Дебатната емисија 24 Отворено е проект на Националниот институт за меѓународни работи во Македонија (НДИ), со ТВ 24 Вести како медиумски партнер, финансиски поддржан од УСАИД и Националната фондација за демократија.

На 17 ноември 2016 година, со почеток во 20 часот и 45 минути, беше емитувано премиерно издание на емисијата 24 Отворено. Водителот ја најави емисијата со следниве теми: „Ќе ги извадат ли вечните политички ривали од македонскиот и албанскиот блок најмоќните оружја на политичката сцена"; „Дали ова ќе биде најсуровата и највалкана кампања во трката за фотеља или искрена желба и политичка програма за подобар живот"; „Дали политичкото подземје ќе биде дел од фолклорот на оваа кампања"; „Ќе има ли нови бомби, секс снимки и мноштво од лаги, како да го препознаеме политичарот лажго, се допира за носот или се шират неговите зеници, дали оној што најмногу вика носи најголем страв во себе, колку гестикулациите зборуваат за политичарите, дали облеката е составен дел на политичките пораки." Гости беа: Татјана Лопарски, Агенција Елемент ПР; Петрит Сарачини, новинар, НВО Цивил; Никола Спасов, Агенција Рејтинг и Владимир Божиновски, универзитетски професор, Институт за истражување на јавно мислење. Во емисијата е вклучен разговор со Ангелка Пеева, Идеа Плус и доктор Методи Чепреганов. Во панел дискусијата со прашања беше вклучена и публиката во студиото. Репризните изданија беа на 18 и 20 ноември 2016 година.

***Сектор за програмски работи***